


**КОНКУРС**
**за доделување на 12 стипендии на**
**студенти кои студираат на државните универзитети во Република Македонија**

**1.Општина Делчево ќе додели 6 (шест)стипендии на редовни студенти од сите студиски години освен**
**I**
**(прва) кои студираат на државните универзитети во РМ, кои ги исполнуваат следните услови:**

**1.1.**Редовни студенти од сите студиски години освен I (прва) , со континуиран успех над 8,00 кои не повторувале во текот на студирањето
**1.2.**Студенти чии родители се невработени, со ниски месечни примања или приматели на социјална помош
**1.3.**Студентите да се жители на Општина Делчево
**1.4.**Студентите да не се корисници на друга стипендија

Комисијата за доделување на студентски стипендии ги утврди следните критериуми со бодови, за доделување на 6 (шест) стипендии од точка 1 на конкурсот:

**1.1.1. Остварен успех во текот на студирањето од прва до тековно запишаната студиска година:**

- Со просек 10.00-40 бода
- Со просек од 9.00 до 9,99 -30 бода
- Со просек од 8.01 до 8,99 -20 бода

**1.2.1.Семејно-материјалната состојба на студентот:**

За овој критериум се утврдени следните подкритериуми:

- Семејство без никакви примања-60 бода;
- Семејство со примања до 2.500,00 денари по член на смејство 55 бода;
- Семејство со примања од 2.501,00 до 4.000,00 денари по член на семејство-50 бода
- Семејство со примања од 4.001,00 до 6.000,00 денари по член на семејство-45 бода;

**2. Општина Делчево ќе додели 6 (шест) стипендии на редовни студенти од сите студиски години освен I (прва) кои студираат на државните универзитети во РМ и кои постигнале особено висок успех во студирањето, кои ги исполнуваат следните услови:**

**2.1.**Редовни студенти од техничките науки и медицински науки од сите студиски години освен I (прва) , со континуиран успех од најмалку 8,00 и кои не повторувале во текот на студирањето
**2.2** Редовни студенти од опшествените науки и факултетите од уметностите од сите студиски години освен I (прва) , со континуиран успех од најмалку 9,00 и кои не повторувале во текот на студирањето
**2.3.**Студентите да се жители на Општина Делчево
**2.4.**Студентите да не се корисници на друга стипендија

Комисијата за доделување на студентски стипендии ги утврди следните критериуми со бодови, за доделување на 6 (шест) стипендии од точка 2 на конкурсот:

**2.1.1. Остварен успех во текот на студирањето од прва до тековно запишаната студиска година:**

**За студенти на општествените науки и факултетите од уметностите:**

- Со просек 10.00-100 бода
- Со просек од 9.91 до 9,99 -95 бода
- Со просек од 9.81 до 9,90 -90 бода
- Со просек од 9.71 до 9,80 -80 бода
- Со просек од 9.61 до 9,70 -70 бода
- Со просек од 9.51 до 9,60 -60 бода
- Со просек од 9.00 до 9,50 -50 бода

**За студенти на техничките науки и медицинските науки:**

- Со просек 8,91 до 10,00 – 100 бода
- Со просек 8,81 до 8,90 – 90 бода
- Со просек 8,71 до 8,80 – 80 бода
- Со просек 8,61 до 8,70 – 70 бода
- Со просек 8,51 до 8,60 – 60 бода
- Со просек 8,00 до 8,50 – 50 бода

**ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ**

**за доделување на студентски стипендии од точка 1 на конкурсот**

1. Барање за доделување на студентски стипендии (Архива на Општина Делчево и интернет страница: www.delcevo.gov.mk)

2. Фотокопија од Индекс;

3.Потврда за редовен студент за студиска 2016/2017 година;

4. Потврда со број на  положени испити со оценки;

5. Потврда за остварена плата за вработените членови на семејството  за месец Септември 2016 година или за последниот месец од 2016 година за кој е земено плата;

6. Потврда за редовен ученик/студент за членовите на семејството кои се ученици или студенти;

7. Потврда за невработените членови на семејството од Агенцијата за вработување;

8. Потврда од Центарот за социјални работи доколку некој член е корисник на социјална или постојана парична помош;

9. Изјава потпишана од родител/старател за обработка на личните податоци на кандидадот и членовите на неговото потесно семејство(Архива на Општина Делчево и интернет страница:delcevo.gov.mk)

10. Изјава од родител/старател за веродостојност на податоците(Архива на Општина Делчево и интернет страница:delcevo.gov.mk)

11. Изјава од родител/старател дека студентот не е корисник или примател на друга стипендија (Архива на Општина Делчево и интернет страница:delcevo.gov.mk)

**ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ**

**за доделување на студентски стипендии од точка 2 на конкурсот**

1. Барање за доделување на студентски стипендиина студенти кои постигнале особено висок успех во студирањето (Архива на Општина Делчево и интернет страница:delcevo.gov.mk)

2. Фотокопија од Индекс;

3.Потврда за редовен студент за студиска 2016/2017 година;

4. Потврда со број на  положени испити со оценки;

5. Изјава потпишана од родител/старател за обработка на личните податоци на кандидатот и членовите на неговото потесно семејство(Архива на Општина Делчево и интернет страница:delcevo.gov.mk)

6. Изјава од родител/старател за веродостојност на податоците(Архива на Општина

Делчево и интернет страница:delcevo.gov.mk)

7. Изјава од родител/старател дека студентот не е корисник или примател на друга стипендија (Архива на Општина Делчево и интернет страница:delcevo.gov.mk)

**Постапка за доделување на стипендии**

1. Сите потребни документи се поднесуваат до Архива на Општина Делчево, секој работен ден од 08.00 до 16.00 часот или по пошта на адреса: Општина Делчево, ул. „**Светозар Марковиќ“ бр.1, со назнака „за стипендии на студенти кои студираат на државни универзитети во РМ„ за студенти кои конкурираат за точка 1 од Конкурсот и со назнака „за стипендии на студенти кои постигнале особено висок успех во студирањето„ за студенти кои конкурираат за точка 2 од Конкурсот;**

2. Доставените документи по Конкурсот ги разгледува Комисија формирана од Градоначалникот на Општина Делчево, од редот на вработените во Општина Делчево и Советот на Општина Делчево;

3. Некомплетните документи или документите доставени по истекувањето на конкурсниот рок, нема да бидат разгледани;

4. Висината на стипендијата од точка 1 на Конкурсот ќе изнесува **2.000** денари месечно а висината на стипендијата од точка 2 на Конкурсот ќе изнесува **3.500** денари

месечно, а ќе се доделува 9 месеци почнувајќи од месец Јануари 2017 година.

5. Стипендиите се неповратни;

6. Конкурсот трае 15 дена од денот на објавувањето а рокот за пријавување е од 23.11.2016 година до 07.12.2016 година;

7. Конкурсот ќе се објави на Огласната табла во Општина Делчево, регионалните медиуми и интернет страницата на Општина
Делчево
www.delcevo.gov.mk

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**КОНКУРСНА КОМИСИЈА**